# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 14-20.10.2024

Тестирани се вкупно 259 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, со зголемување од 30,8% во однос на минатата недела (n=198).

Регистрирани се 15 нови позитивни случаи, со зголемување од 25,0% во однос на минатата недела (n=12). Процентот на позитивност се движи од 0,0% до 9,8%, просечно 5,1%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 14-20.10.2024*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| **14.10.2024** | 64 | 3 | 4,7% |
| **15.10.2024** | 48 | 3 | 6,3% |
| **16.10.2024** | 41 | 4 | 9,8% |
| **17.10.2024** | 44 | 2 | 4,5% |
| **18.10.2024** | 41 | 2 | 4,9% |
| **19.10.2024** | 17 | 1 | 5,9% |
| **20.10.2024** | 4 | 0 | 0,0% |
| ***Вкупно*** | ***259*** | ***15*** | ***просек 5,1%*** |

Во тековната недела, регистрирани се заболени лица во општините од 3 градови. Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=9; 60,0%), а највисока инциденца е регистрирана во Охрид (9,1/100.000). (*Табела 2*).

Регистрирани се заболени лица во возрасните групи над 20 години, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=5; 33,3%).

Во текот на минатата недела (14-20.10.2024) со статус „оздравени“ се стекнале 13 лица.

Во текот на минатата недела (14-20.10.2024), пријавено е едно починато лице асоцирано со КОВИД-19 од Куманово, на возраст над 60 години, невакцинирано против КОВИД-19. Кај лицето се регистрирани коморбидитети, а е починато во домашни услови.

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2024 година

Во текот на 2024 година, а заклучно со 20.10.2024, регистрирани се вкупно 1.716 заболени лица. Во месец септември 2024 (n=288) се регистрира намалување од 65,3% во споредба на претходниот месец (n=829).

Во текот на 2024 година, а заклучно со 20.10.2024, тестирани се вкупно 11.802 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

**Проценка на ризик**

По период на многу слаба активност, во летото 2024 година се детектираше зголемена активност на SARS-CoV-2 во рамките на европскиот континент, вклучително и во Р.С. Македонија.

Лицата на возраст од 60 години се со најголем ризик од тешка болест.

Хоспитализациите на лица со потврден КОВИД-19, приемите во интензивна нега и смртните случаи остануваат на ниско ниво во земјите на ЕУ/ЕЕА. Овие податоци во Р.С. Македонија не се достапни.

Иако бројот на заболени од КОВИД19 на неделно ниво се намалува, со оглед на тоа дека почнува периодот на зголемена циркулација на респираторни вируси во северната хемисфера, постои ризик активноста на SARS-CoV-2 да се зголемува, што ја нагласува континуиранaта потреба од надзор (епидемиолошки и вирусолошки) на национално и регионално ниво.

**Препорачани мерки за превенција и контрола**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

Вакцинацијата останува специфична превентивна мерка обезбедувајќи заштита од тешки форми на болест, иако овој заштитен ефект со тек на време се намалува. Продолжува препораката за вакцинацијата на лицата со висок ризик од тешки форми на болест и лош исход (како што се повозрасните лица).[1]

Скопје, 21.10.2024

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***

[1] https://www.ecdc.europa.eu/sites/default/files/documents/2024-WCP-0039%20Final.pdf